Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 66, 15 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања на наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации и МАС-медиуми на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници - помлади асистенти / асистенти за научното подрачје правни науки (еден соработник помлад асистент/асистент за научната област римско право и еден соработник помлад асистент/асистент за научната област казнено право) на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден доцент за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистенти од областа транспортна механизација на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Девизен систем и девизно работење“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Монетарна економија“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Анимација во туризмот” од д-р златко јаковлев, по предметот анимации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИЦИ - ПОМЛАДИ АСИСТЕНТИ / АСИСТЕНТИ ЗА НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ПРАВНИ НАУКИ (ЕДЕН СОРАБОТНИК ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ РИМСКО ПРАВО И ЕДЕН СОРАБОТНИК ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО) НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 20.4.2011 година, донесе Одлука бр.1601-57/11 за формирање на Рецензентска комисија, согласно со Конкурсот објавен во весникот „Дневник“ на 4.4.2011 година, за избор на двајца соработници – ***помлади асистенти/ асистенти*** за научното подрачје ***правни науки*** (еден соработник помлад асистент/ асистент за научната област римско право и еден соработник помлад асистент/асистент за научната област казнено право)на Правниот факултет, во состав:

- д-р Стеван Алексоски – редовен професор (претседател),
- д-р Војо Беловски – доцент (член),
- д-р Љупчо Сотировски - доцент (член).

Рецензентската комисија по разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на Наставно-научниот совет на Правниот факулт им го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс во весникот „Дневник“, објавен на 4.4.2011 година, за избор на двајца соработници/помлади асистенти/асистенти на Правниот факултет за научно подрачје - правни науки (еден соработник помлад асистент/асистент за научната област римско право и еден соработник помлад асистент/асистент за научната област казнено право) се пријавија седумнаесет кандидати и тоа: м-р Билјана Ѓорѓева, Јулијана Богданова, м-р Елена Иванова, м-р Александра Ангеловска, м-р Нада Донева, м-р Дијана Ѓоргиева, м-р Сузана Рунчева, м-р Александар Бежовски, м-р Ангела Наумоска, м-р Јован Шоповски, Катерина Миленкова-Трајчева, Александра Зекиќ, м-р Елена Минова, Цветанка Ивановска, Столе Алексов, м-р Тоше Панов и м-р Димитар Апасиев.

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека сите кандидати навремено ја доставија својата пријава со потребните документи во предвидениот рок утврден во Конкурсот.

Кандидатката **Билјана Ѓорѓева** кон пријавата ги приложи и следниве документи:

1. Уверение за државјанство;
2. Диплома за завршено универзитетско образование;
3. Уверение за завршени додипломски студии и положени испити;
4. Уверение за положени испити на постдипломски студии;
5. Диплома за завршен курс по англиски јазик;
6. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Билјана Ѓорѓева** е родена на 28 октомври 1985 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2008 година дипломира на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитет „Св. Климент

Охридски“ - Битола, со просечна оценка 9,16. Во 2009 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, на безбедносна насока и ги полага сите испити со просечен успех 9.25. Во 2008 година учествува во камп за Евроатлантски интеграции за Балканскиот Полуостров во Црна Гора.

Во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година е активен волонтер како демонстратор на повеќе предмети (Вовед во правото, Социологија на правото, Финансово право, Римско право) на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

М-р Билјана Ѓорѓева активно го познава англискиот јазик и има одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet).

Кандидатката **Јулијана Богданова** кон пријавата ги приложи и следниве документи:

1. Уверение за државјанство;
2. Диплома за завршено универзитетско образование;
3. Уверение за положени испити на постдипломски студии;
4. Одлука од Наставно-научниот совет за прифаќање на пријавата на магистерскиот труд;
5. Потврда за познавање на англиски јазик;
6. Кратка биографија;
7. Мотивациско писмо.

***Биографски податоци***

Кандидатката Јулијана Богданова е родена на 30 декември 1986 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2009 година дипломира на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со просечна оценка 9,53. Во 2009 година се запишува на постдипломски студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на насока Применета политика и дипломатија – модул Европско право и испитите ги завршува со просечна оценка 9,1. На 26 јануари 2010 година е прифатена пријавата за изработка на магистерски труд со наслов „Превентивна дипломатија - улогата на УНПРЕДЕП во Република Македонија“. Во периодот од октомври 2007 г. до јануари 2008 г. учествува во истражување на тема „Студентот во наставните и социјалните процеси на Полициската академија - Скопје“.

Во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година е активен волонтер како демонстратор на повеќе предмети (Уставно право, Политички систем, Меѓународно јавно право и Политики на ЕУ) на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Јулијана Богданова активно го познава англискиот јазик и има одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet).

Кандидатот **м-р Елена Иванова** кон пријавата ги приложи и следниве документи:

1. Уверение за државјанство;
2. Уверение за завршено универзитетско образование и положени испити;
3. Уверение за положени испити на постдипломски студии;
4. Одлука за одбранет магистерски труд;
5. Свидетелство за познавање на англиски јазик;
6. Потврда за познавање на италијански јазик;
7. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Елена Иванова** е родена на 2 април 1987 година во Шибеник, Р. Хрватска. Основно и средно образование завршува во Штип. Во 2008 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со просечен успех 9,46. Во 2011 година го одбранува својот магистерски труд под наслов „*Сузбивање на трговијата со луѓе – со посебен осврт врз трговијата со малолетни лица*“ и се стекнува со титула **магистер по право**, со просечна оценка 9,08. Во 2004 година учествува на едукативно училиште за ХИВ/СИДА/СПИ ПРЕВЕНЦИЈА во Охрид. Во 2010 година

присуствува на Национална научна конференција „Одговорност и претставување – отворени или затворени кандидатски листи“ во организација на Националниот демократски институт. Во 2010 година завршува обука за Windows 7 – configuring во Институтот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Од јуни до октомври 2010 година волонтира во Апелациониот суд во Штип.

Во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година е активен волонтер како демонстратор на повеќе предмети (Казнено процесно право, Семејно право, Историја на правото, Вовед во право на ЕУ) на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

М-р Елена Иванова има одлично познавање на англиски јазик, почетно познавање на италијански јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Windows 7-configuring, Internet).

Кандидатката **м-р Александра Ангеловска** кон пријавата ги приложи и следниве документи:

1. Уверение за државјанство;
2. Уверение за завршено универзитетско образование и положени испити;
3. Уверение за положени испити на постдипломски студии;
4. Одлука за одбранет магистерски труд;
5. Потврда за познавање на англиски јазик;
6. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Александра Ангеловска** е родена на 17 декември 1986 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2008 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со просечен успех 9,58. Во 2011 година го одбрани својот магистерски труд со наслов „*Казнено-правни аспекти на педофилијата*“, при што се стекнува со титула **магистер по право**, со просечна оценка 9.5. Во 2010 година присуствува на Национална научна конференција „Одговорност и претставување – отворени или затворени кандидатски листи“ во организација на Националниот демократски институт. Учествува на стручни и научни советувања на теми „Невладини организации и јакнење на граѓанскиот свет“, „Обука на студентите и младите за мониторинг и испитување на јавното мислење“, „Општи правила на размислување, бон-тон, Европа кај нас“. Во 2010 година завршува обука за Windows 7 – configuring во Институтот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Од јуни до ноември 2010 година волонтира како приправник во адвокатска канцеларија „Кошевалиски“ во Штип. Во учебната 2009/2010 до март 2011 година е активен волонтер како демонстратор на повеќе предмети (Казнено право, Криминологија) на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

М-р Александра Ангеловска има одлично познавање на англиски јазик, почетно познавање на италијански јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet)..

Кандидатката **м-р Нада Донева** кон пријавата ги приложи и следниве документи:

1. Уверение за државјанство;
2. Уверение за завршено универзитетско образование и положени испити;
3. Уверение за положени испити на постдипломски студии;
4. Одлука за одбранет магистерски труд;
5. Потврда за познавање на англиски јазик;
6. Потврда за познавање на италијански јазик;
7. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Нада Донева** е родена на 28 февруари 1987 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2008 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје,

со просечен успех 9,5. Во 2011 година го одбрани својот магистерски труд со наслов „*Евтаназија*“ и се стекна со титула **магистер по право**, со просечна оценка 9.25. Во 2004 година учествува на едукативно училиште за ХИВ/СИДА/СПИ ПРЕВЕНЦИЈА во Охрид. Од јуни до декември 2010 година волонтира во Основен суд во Штип. Во меѓувреме од септември до декември работи како новинар и водител во локално радио „Енџелс ФМ“. Во декември 2010 година започнува да волонтира во Одделот за човечки ресурси и како Секретар на факултет за туризам и бизнис логистика на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

М-р Нада Донева има одлично познавање на англиски јазик, почетно познавање на италијански јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet).

Кандидатката м**-р Дијана Ѓоргиева** кон пријавата ги приложи и следниве документи:

1. Уверение за државјанство;
2. Уверение за положени испити на постдипломски студии;
3. Оригинал магистерска теза;
4. Потврда за познавање на англиски јазик;
5. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Дијана Ѓоргиева** е родена на 25 август 1986 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2008 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со просечен успех 8,54. Во 2011 година го одбрани својот магистерски труд со наслов „Европски извршен наслов за неспорни побарувања“ и се стекна со титула **магистер по право**, со просечна оценка 9.58.

М-р Дијана Ѓоргиева има одлично познавање на англиски јазик, српски и хрватски јазик.

Кандидатката м**-р Сузана Рунчева** кон пријавата ги приложи и следниве документи:

1. Уверение за државјанство;
2. Уверение за завршено универзитетско образование и положени испити;
3. Уверение за положени испити на постдипломски студии;
4. Одлука за одбранет магистерски труд;
5. Оригинал примерок од магистерски труд;
6. Уверение за познавање на англиски јазик;
7. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Сузана Рунчева** е родена на 11 декември 1986 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2008 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со просечен успех 8,42. Во 2011 година го одбрани својот магистерски труд со наслов „*Казнените дела на семејното насилство во казнениот закон на Република Македонија*“ и се стекна со титула магистер по право. Од 21 ноември 2009 година активно волонтира во Одделот за втор и трет циклус на студии на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

М-р Сузана Рунчева има одлично познавање на англиски и шпански јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet).

Кандидатот **м-р Александар Бежовски** кон пријавата ги приложи и следниве документи:

1. Уверение за државјанство;
2. Диплома за завршено универзитетско образование;
3. Уверение за познавање на англиски јазик;
4. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Александар Бежовски** е родена на 10 октомври 1975 година во Велес, Р. Македонија. Средно образование завршува во САД. Во 2010 година го одбрани својот магистерски труд со наслов „*Решавање на спорови во рамките на светската трговска организација*“ и се стекнува со титула магистер по правни науки (меѓународно право), со просечна оценка 8,29.

Од 1996 до 2000 година работи во приватна фирма. Во 2000 година работи во Министерство за внатрешни работи на РМ и во Влада на РМ. Од 2000 до 2001 година работи во Агенција за државни службеници. Од 2001 до 2003 година работи во Царинска управа на РМ. Од 2003 година работи во СОНИК ЕСТЕЈТ ДООЕЛ Скопје. Учествува на семинари, комисии и тела на ИНТЕРПОЛ и СЦО-РИЛО.

М-р Александар Бежовски има доставено список на следниве објавени стручни трудови: „РИЛО - Борец против криминалот и тероризмот“ (2001 год); „Со СЕКИ поблиску до Европската унија“ (2002 год.), (нема доставено примерок од трудпвите)

М-р Александар Бежовски има одлично познавање на англиски и почетно познавање на шпански јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet).

Кандидатката **м-р Ангела Наумоска** кон пријавата ги приложи и следниве документи:
1. Уверение за државјанство;
2. Уверение за одбранет магистерски труд;
3. Сертификат за познавање на англиски јазик;
4. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ангела Наумоска** е родена на 15 август 1979 година во Струга, Р. Македонија. Средно образование завршува во родниот град. Завршува Европска и интернационална политика и дипломатија на ФОН универзитетот во Скопје и на истиот Универзитет во 2010 година го одбрани својот магистерски труд со наслов „*Елементи на парламентарната дипломатија во меѓународната соработка на Собранието на РМ*“ и се стекна со титула **магистер по политички науки**.

Од 2000 до 2002 година учествува во проекти „Демократија и образование“ и „ТЕМПУС“ – Скопје. Од 2003 до 2004 работи како маркетинг агент. Од 2003 до 2005 година работи како консултант и технички секретар во ММ College ФОН – Факултет за општествени науки во Скопје. Во 2006 година работи во Одделот за книги и односи со јавноста и маркетинг при Европскиот универзитет, истата година работи како технички секретар и консултант во Петтата приватна гимназија во Скопје. Во 2007 година е практикант во Собранието на РМ, истата година до ноември 2009 година работи како заменик-асистент во Собранието на РМ.

М-р Ангела Наумоска има одлично познавање на англиски јазик

Кандидатот **м-р Јован Шоповски** кон пријавата ги приложи и следниве документи:
1. Уверение за државјанство;
2. Диплома за завршено универзитетско образование;
3. Одлука за одбранет магистерски труд;
4. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Јован Шоповски** е роден на 31 март 1985 година во Кочани, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во март 2008 година дипломира на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со просечен успех 8,6. Во 2010 година се стекнува со звање **магистер на правни науки**, со просечен успех 9,6. Учествува на бројни семинари во организација на Здружението на правници на Македонија; Учество во семинар во Триер, Германија, во организација на European academy of law“ и на многу други обуки од областа на правото во земјава и во странство.

Во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година е активен волонтер како демонстратор на

повеќе предмети (Реторика и право, Граѓанско право, Трговско право) на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Кандидатот м-р Јован Шоповски има положено правосуден испит и има одлично познавање од два странски јазика (англиски и француски), исто така поседува и компјутрерски способности (MC Office I Internet).

**Податоци за објавени стручни и научни трудови**

1. М-р Јован Шоповски, „Современите тенденции на симболична основна главнина кај друштвото со ограничена одговорност“, Здружение на правници на Република Македонија, Правник стр. 52-56, Скопје, јуни 2010.
2. Ј. Шоповски, „Номинирана или неноминирана основна главнина или почетен капитал“ (во објава).
3. М-р Јован Шоповски „Бракоразводни системи и последиците од развод на брак коишто се однесуваат на децата“, Здружение на правници на Република Македонија, Правник стр. 8-11, Скопје, октомври 2010.
4. М-р Јован Шоповски, „Половата еднаквост (еднаквост на жените и мажите) и правата на ЕУ“, Здружение на правници на Република Македонија, Деловно право стр.263-285, бр.23, Скопје, октомври 2010.
5. Jovan Sopovski, MA, Contribution in the company, (according to the Macedonian company law), European Scientific Journal , p. 96-104. March, 2011.

Кандидатката **Катерина Миленкова-Трајчева** кон пријавата ги приложи и следниве документи:

1. Уверение за државјанство;
2. Уверение за завршено високо образование – Правен факултет;
3. Потврда за положен правосуден испит;
4. Дипломи од посетувани обуки;
5. Препис од положени испити при шведскиот Кралски институт по технологија на магистерска програма за менаџирање со земјишта 2008/2009 година;
6. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Катерина Миленкова-Трајчева** е родена на 16 април 1975 година во Скопје, Р. Македонија. Средно образование завршува во гимназијата “Славчо Стојменски“ - Штип. Во 1998 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Во 2008/2009 година се запишува на магистерски студии за менаџирање со земјиште на Кралскиот институт за технологија во Стокхолм, Шведска. Нема податоци за завршени постдипломски студии, ниту нострифицирана странска диплома. Во 2002 г. е на курс за НВО менаџмент и организациски развој од Министерството за надворешни работи на Данска и се здобива со сертификат за НВО менаџмент и организациски развој. Во 2002/2003 г. е на тренинг на тренери во Македонски центар за меѓународна соработка - Скопје, РМ и се здобива со сертификат за тренери за родови односи. Во 2004 г. е на обука за социјална ревизија под Fair Wear Fondation, Холандија, а во 2007 г. е на обука за регионална програма за женски човекови права под Raul Wallenberg Institute, Шведска.

Од 1998 до 2003 работи како приправник во Адвокатска канцеларија на Костадин Миленков и Трајче Торов, од 2003 до 2004 г. работи како национален координатор во Clean Clothes Campaign Германија, Развој на регионална мрежа за локална експертиза за мониторинг на работните права на жените и условите на работа HRWF-Швајцарија. Во истиот период е и координатор на регионален НВО ресурсен центар – ЕЦМП на НВО мрежа за подобрување на меѓуетнички односи во РМ, во Штип. Од јануари 2004 до март 2006 година е национален координатор во ППЦ Штип/ Градење регионални центри за работници кои работат дома HWW –Lids, DFID, ВБ (Светски проект). Од јануари до ноември 2005 година е национален координатор на ППЦ Штип/Фер услуги за жените кои ја облекуваат Европа Novib Netherlands (Меѓународен проект). Од октомври до декември 2005 година е координатор за Источна Македонија во ППЦ Штип/Прибирање податоци за

состојбите во месните заедници финансиран од OSCE Spillover Monitor Mission во Скопје, Македонија. Од ноември 2006 до март 2007 година е проектен координатор во ППЦ Штип / Жените во неформална економија -видливост и услови за промена. Во септември 2008 година е консултант во GTZ, ППЦ Штип, анализа на специфични потреби за промоција на вработувањето на млади и жени во четири региони. Од септември 2007 до мај 2008 година е тренер во ППЦ Штип/8 МОТ стандарди синдикално организирање-ФЕС-Скопје. Од јануари 2009 до март 2010 година е менаџер директор во ППЦ Штип/ „Мобинг“ – Информирај се и препознај го! (Проект финансиран од ЕУ).

Сега е ангажирана како координатор на програмата при ППЦ Штип, Социјален ревизор за FWF и SGS.

Кандидатката **Александра Зекиќ** кон пријавата ги приложи и следниве документи:
1. Уверение за државјанство;
2. Диплома за завршено универзитетско образование;
3. Потврда за познавање на англиски јазик;
4. Кратка биографија

***Биографски податоци***

Кандидатката **Александра Зекиќ** е родена на 21 декември 1984 година во Гевгелија, Р. Македонија. Средно образование завршува во родниот град. Во 2008/2009 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.

Александра Зекиќ има одлично познавање на англиски и основно познавање на грчки јазик, поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet).

Кандидатката **м-р Елена Минова** кон пријавата ги приложи и следниве документи:
1. Уверение за државјанство;
2. Уверение за положени испити од втор циклус;
3. Сертификат за основни вештини по информатичка технологија;
4. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Елена Минова** е родена на 18 ноември 1986 година во Кочани, Р. Македонија. Средно образование завршува во родниот град. Во 2008 година завршува прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Кандидатката м-р Елена Минова по полагањето на испитите со просечен успех 9,25 во јануари 2011 година го одбрани својот магистерски труд со наслов „*Казнено-правни аспекти на недозволена миграција*“, при што се стекнува со титула **магистер по право**.

М-р Елена Минова поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet), но нема доставено потврда за познавање на странски јазик.

Кандидатката **Цветанка Ивановска** кон пријавата ги приложи и следниве документи:
1. Фотокопија од Уверение за државјанство;
2. Фотокопија од индекс за положени испити на постдипломски студии на ФАМИС-Битола;
3. Фотокопија од Диплома и Уверение за завршено универзитетско образование;
4. Фотокопија од Диплома за завршен курс по компјутери;
5. Фотокопија од Сертификат за успешно завршен курс Introduction to public administration.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Цветанка Ивановска** е родена на 22 јули 1984 година во Штип, Р. Македонија. Во 2007 година завршува прв циклус на студии на Факултет за администрација и менаџмент за информациски системи при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, со просечен успех 7,33. Во 2008 година е запишана на постдипломски студии на ФАМИС студии по јавна администрација. Од 2002 до 2003 работи како координатор во

НВО Save the children. Од март 2008 до август 2008 година работи на рецепција во хотел „Епинал“.

Цветанка Ивановска има основно познавање на англиски и германски јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Internet).

Кандидатот **Столе Алексов** кон пријавата ги приложи и следниве документи:
1. Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство;
2. Приложение кон дипломата за високо образование;
3. Потврда од Правно-историскиот факултет при Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ – Благоевград, за студирање на магистратура по меѓународни односи;
4. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатот **Столе Алексов** е роден на 10 април 1986 година во Кочани, Р. Македонија. Во 2009 година завршува прв циклус на студии од областа меѓународни односи при Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ –Благоевград, Р. Бугарија. Во 2009 година се запишува на постдипломски студии од областа меѓународни односи на Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ – Благоевград, Р. Бугарија. Студиите се во тек.

Кандидатот **м-р Тоше Панов** кон пријавата ги приложи и следниве документи:
1. Уверение за државјанство;
2. Диплома за завршено образование од ЈЗУ „Неофит Рилски“ - Благоевград, Р.Бугарија;
3. Решение за признавање на вискообразовна квалификација стекната во странство на Министерството за образование и наука на РМ;
4. Еквиваленција на оценките;
5. Уверение за познавање на англиски јазик;
6. Доказ за запишан докторат од ЈЗУ „Неофит Рилски“ - Благоевград, Р.Бугарија.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Тоше Панов** е роден на 26 април 1984 година во Кочани, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град. Дипломира на Правно-историскиот факултет при ЈЗУ „Неофит Рилски“, Благоевград, Р. Бугарија. Во 2008 година магистрира на истиот факултет со просечен успех 7,56. Во 2009 година се запишува на докторски студии при ЈЗУ „Неофит Рилски“, Благоевград, Р. Бугарија, за стекнување на академски и научен степен доктор на Катедрата по кривично право.

М-р Тоше Панов има одлично познавање на англиски јазик.

Кандидатот **м-р Димитар Апасиев** кон пријавата ги приложи и следниве документи:
1. Уверение за државјанство;
2. Фотокопија од универзитетска диплома за завршено универзитетско образование;
3. Фотокопија од Уверение за положени испити на додипломски студии;
4. Уверение за положени испити од втор циклус;
5. Одлука за одбранет магистерски труд;
6. Потврда и уверенија за познавање на странски јазик;
7. Детално портфолио со опис на сите објавени стручни и научни трудови;
8. Кратка биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Димитар Апасиев** е роден на 22 септември 1983 година во Велес, Р. Македонија. Средно образование завршува во Велес во 2001 год. По завршувањето на средното образование се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, каде што дипломира како еден од петте најдобри студенти во неговата историја, со постигнат просечен успех од 10,00, на 10 март 2009 година.

По дипломирањето е ангажиран како демонстратор по предметите Римско право на прв циклус студии и надворешен соработник на практични вежби по предметот Реторика на втор циклус студии.

На 18 јуни 2010 год. магистрира на Правниот факултет во Скопје на тема „Јавно-правни институти на римското право реципирани во денешните правни системи", со просечен успех 10.00.

Носител е на две први награди на ораторска вечер на Правниот факултет, има освоено награда за најдобар и најталентиран студент и стипендист на Министерството за образование и наука на РМ.

Има напишано голем број колумни, статии и есеи по македонските пишани и електронски медиуми и има издадено четири стручни научни книги заедно со видни наши професори (*Спорот за името - Грција и Македонија*, во 2008 год., во коавторство со проф. д-р Светомир Шкариќ, *Обезвреднување на трудот-анализа на трудово-правната легислатива во периодот на транзиција*, во 2010 год., во коавторство со доц. д-р Здравко Савески, Александар Ковачевски и Кире Василев, *За социјализмот во 21 век- минатото, сегашноста и иднината,* во 2010 год., во коавторство со проф. д-р Милан Ѓурчинов, проф. д-р Светомир Шкариќ, проф. д-р Љубомир Цуцуловски и проф. д- р Биљана Ванковска, во тек е и петтата коавторска книга насловена како *Работни спорови - позитивни искуства*. Исто така, тој има објавено 18 стручни трудови, што може да се види од списокот на трудови.

Кандидатот м-р Димитар Апасиев солидно го познава англискиот, италијанскиот и рускиот јазик и врши преводи на над 16 стручни и научни написи, од кои над 8 од англиското и 3 од руското говорно подрачје.

Кандидатот м-р Димитар Апасиев активно учествува на голем број меѓународни школи, меѓународни конференции и семинари.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали на кандидатите, разгледувајќи ги професионалните и научноистражувачките активности на пријавените кандидати, Комисијата ги издвојува како најсериозни кандидати за избор во соработници – помлади асистенти за научно подрачје правни науки (еден соработник помлад асистен за научната област римско право и еден соработник помлад асистент за научната област казнено право) само кандидатите: **м-р Елена Иванова** и **м-р Димитар Апасиев**, што може да се аргументира со следниве индикатори:

Кандидатката **м-р Елена Иванова** со својот беспрекорен професионален ангажман како волонтер -демонстратор, во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година на повеќе предмети (Казнено-процесно право, Семејно право, Историја на правото, Вовед во право на ЕУ) на Правен факултет на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип се истакна и наметна кај студентите и вработените на Факултетот со својата скромност, креативната љубопитност, темелниот пристап, систематичност и особено висока професионална свест во извршувањето на поставените задачи.

Првиот циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје го завршува со просечен успех 9,46, а по полагањето на испитите од втор циклус на студии со просечна оценка 9,08, во 2011 година го одбранува својот магистерски труд со наслов „*Сузбивање на трговијата со луѓе – со посебен осврт врз трговијата со малолетни лица*" и се стекнува со титула **магистер по право**, со просечна оценка 9,08.

Таа зема активно учество на едукативни училишта, на Националната научна конференција „Одговорност и претставување – отворени или затворени кандидатски листи" во организација на Националниот демократски институт. Елена Иванова има одлично познавање на англиски јазик, почетно познавање на италијански јазик и поседува одлични компјутерски познавања (MS Office, Windows 7-configuring, Internet).

Во таа смисла, м-р Елена Иванова, искуствата и стекнатите сознанија од учество на меѓународни семинари и конференции ги користи и ги имплементира во нашата научно-образовна средина.

Ако се земе предвид нејзината сфера на интерес, таа ќе се развива како научник кој ќе даде непроценлив придонес во едукацијата на идните студенти на Правниот факултет,

од областа на предметите: Казненото право, Европско казнено право, Казнено-процесно право, Вовед во право на ЕУ и Криминологија.

Кандидатот **м-р Димитар Апасиев** има исклучително богата активност во сите сфери на научноистражувачката и издавачката активност и има земено активно учество на голем број меѓународни школи, меѓународни конференции и семинари.

За кандидатот м-р Димитар Апасиев вреди да се истакне дека е еден од петте најдобри студенти во историјата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со постигнат просечен успех од 10,00. Со просечен успех на постдипломските студии од 10.00, тој магистрира на Правниот факултет во Скопје во 2010 година, на тема „*Јавно-правни институти на римското право реципирани во денешните правни системи*“.

Како и претходниот кандидат, по дипломирањето е ангажиран како демонстратор по предметите Римско право на прв циклус студии и надворешен соработник на практични вежби по предметот Реторика на втор циклус студии на Правниот факултет во Скопје.

Носител е на повеќе награди и признанија, има напишано голем број колумни, статии и есеи по македонските пишани и електронски медиуми и има издадено четири стручни научни книги во коавторство со наши видни професори.

Кандидатот м-р Димитар Апасиев солидно ги познава англискиот, италијанскиот и рускиот јазик и врши преводи на стручни и научни написи, од англиското и руското говорно подрачје.

Поради наведеното, Комисијата му препорачува на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, **м-р Димитар Апасиев да го избере за соработник - помлад асистент за научното подрачје *правни науки* – научна област *римско право* и м-р Елена Иванова да ја избере за соработник - помлад асистент за научното подрачје *правни науки* – научна област казнено право на Правниот факултет во Кочани.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Стеван Алексоски – редовен професор (претседател), с.р.**
**Д-р Војо Беловски – доцент (член), с.р.**
**Д-р Љупчо Сотировски - доцент (член), с.р.**